Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработени во јавниот сектор (Службен весник на Р. Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18), Министерот за животна средина и просторно планирање , донесува

**ПРАВИЛНИК**

**За изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање**

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање број планирање број 01-2372/1 од 03.05.2017 година, број 01-1832/2 од 12.03.2018 година, број 01-1832/6 од 02.04.2018 година, 01-1567/1 од 13.03.2019 година, 01-3932/2 од 29.07.2019 година и 01-4222/1 од 31.07.2019 година и 01-4222/6 од 14.10.2019 и тоа:

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТА И СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, во делот на точка 1 – СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ, во поточка 1.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НОРМАТИВНО - ПРАВНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ СТРУЧНИ РАБОТИ називот на работното место со реден број 21 "соработник за вршење на работи поврзани со управувањето со квалитет во работењето се менува и гласи "советник за вршење на работи поврзани со управувањето со квалитет во работењето".

**Член 2**

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТА И СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, во делот на точка 1 – СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ, во поточка 1.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НОРМАТИВНО - ПРАВНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ СТРУЧНИ РАБОТИ, во работното место со реден бр.22 "помлад соработник за лектура и за слободен пристап на информации од јавен карактер", во делот на видот на образованието по зборот "наука за книжевноста", се брише зборот (македонистика).

Член 3

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТА И СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, во делот на точка 1 – СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ, во подточка 1.2 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ во работното место со реден 29 " помлад соработни за изготвување на извештаи по преставки и предлози" во делот на образованието по зборот " политички науки" се додава зборот "организациски науки".

Член 4

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТА И СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, во делот на точка 1 – СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ, во поточка 1.2 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ во работното место со реден бр.28 "виш соработник за евиденција за постапување по преставки и предлози" во делот на образованието по зборот "правни науки", се брише зборот "наука за книжевноста" а се додава зборот "социјална работа и социјална политика".

Член 5

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТА И СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, во делот на точка 3 – СЕКТОР ЗА ЕВРОПСКА УНИЈА, во поточка 3.3 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КООРДИНАЦИЈА И ТЕХНИЧКО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ (ИПА) во работното место со реден бр.64 "советник за техничко спроведување на инфраструктурни проекти за инструментот за претпристапна помош (ИПА) во делот на образованието по зборот "хемиско инженерство" се додава зборот "правни науки".

Член 6

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТА И СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, во делот на точка 4. СЕКТОР ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ, во поточка 4.3 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОЛИТИКИ ВО КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ, во работното место со

реден број 93 "советник за обновливи извори на енергија", во делот на образованието по зборот "енергетика" се додава зборот "правни науки".

**Член 7**

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТА И СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, во делот на точка 6. МАКЕДОНСКИ ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА, поточката 6.3 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КАТАСТРИ И МОДЕЛИРАЊЕ во работното место со реден бр. 124 Раководител на одделение за катастри и моделирање во делот на образованието се брише зборот "биохемија" а се додава зборот "биологија".

**Член 8**

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТА И СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, во делот на точка 7. СЕКТОР ЗА КООРДИНАЦИЈА НА РАБОТАТА НА МИНИСТЕРОТ, во подточка 7.3 Одделение за меѓународна соработка, во работното место со бр.150 "помлад соработник за осварување на меѓународна соработка" во делот на образованието по зборот зборот "јавна администрација" се додава зборот "политички науки".

**Член 9**

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТА И СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, VI. ОРГАНИ ВО СОСТАВ НА МИНИСТЕРСТВОТО, УПРАВА ЗА ЖИВОТА И СРЕДИНА, во точка VI. I.1 СЕКТОР ПРИРОДА, во подточка VI. I.1 .3 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА И ГЕОДИВЕРИЗИТЕТ, во работното место со реден број 197 "советник за планирање и уредување на просторот во заштитени подрачја" во делот на образованието се брише зборот "географија" а се додава зборот "правни науки".

**Член 10**

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТА И СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, VI. ОРГАНИ ВО СОСТАВ НА МИНИСТЕРСТВОТО, УПРАВА ЗА ЖИВОТА И СРЕДИНА, во точка VI. I.2. СЕКТОР ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК,

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНТЕГРИРАНО СПРЕЧУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ЗАГАДУВАЊЕТО, во работното место со бр. 203 " Раководител на одделение за интегрирано спречување и контрола на загадувањето" во делот на образованието се брише зборот "машинство" а се додава зборот зборот " биотехнологија".

**Член 11**

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТА И СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, VI. ОРГАНИ ВО СОСТАВ НА МИНИСТЕРСТВОТО, УПРАВА ЗА ЖИВОТА И СРЕДИНА, во точка VI. I.2. СЕКТОР ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК , во подточка VI. I.1.2 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ХЕМИКАЛИИ И ИНДУСТРИСКИ НЕСРЕЌИ во работното место со бр.210 "советник за интерсекторска соработка" во делот на образованието се брише зборот "хемиска технологија" а се додава зборот "правни науки".

**Член 12**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 01-6478/1
04-12-2019 година
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР
Naser Nuredini